Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

МКС EN ISO 900

Република Мак
Министерство з
животна среди
и просторно
планирање

Бул."Гоце Делчев
1000 Скопје,
Република Макед
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 16
Е-пошта:
infoeko@moepp.g
Сајт: www. moepp

Архивски број: 11-77/2

Дата: 05. 06. 2013

ДО : Министерство за транспорт и врски
ул. "Црвена Скопска Општина" бр.4
1000 Скопје

ПРЕДМЕТ: Достава на Решение за издавање на согласност за спроведување на Проект: "Изградба на нова железничка пруга на делницата Крива Паланка - Граница со Република Бугарија, како дел од Железничкиот коридор VIII "

Почитувани,

Во прилог Ви доставуваме Решение за издавање на согласност за спроведување на Проект: "Изградба на нова железничка пруга на делницата Крива Паланка - Граница со Република Бугарија, како дел од Железничкиот коридор VIII ", за потребите на Министерство за транспорт и врски.

Со почит,

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki

Република Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје

Изработил: Дејана Тодоровска
Контролирал: Александар Петковски
Согласен:Билјана Петкоска
Одобрил: Директор на Управа за животна средина
Xhezmi Saliu

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 11-77/2 од 05. 06. 2013 година
Скопје

Врз основа на член 87 став 1 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016), Министерот за животна средина и просторно планирање донесе

# РЕШЕНИЕ

1. Со ова Решение се дава Согласност на барањето за спроведување на Проект: "Изградба на нова железничка пруга на делницата Крива Паланка - Граница со Република Бугарија, како дел од Железничкиот коридор VIII ".

2. Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина на проектот: "Изградба на нова железничка пруга на делницата Крива Паланка - Граница со Република Бугарија, како дел од Железничкиот коридор VIII", ги задоволува барањата за заштита на животната средина со примена на мерките за спречување и за намалување на штетните влијанија врз животната средина, со задолжување до инвеститорот децидно да го имплементира планот за управување со животната средина и мониторинг програмата.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во рок од пет работни дена од денот на донесувањето во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, на интернет страницата, како и на огласната табла во Министерството за животна средина и просторно планирање.

***Образложение***

Инвеститорот Министерството за транспорт и врски на ден 27.12.2017 година со број 11-77/1 ја достави Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за Проект: "Изградба на нова железничка пруга на делницата Крива Паланка - Граница со Република Бугарија, како дел од Железничкиот коридор VIII". Студијата е изработена од ИДОМ во конзорциум со АДТ ОМЕГА, ЖПД и ДЕКОНС ЕМА дооел од Скопје и Менка Спировска како одговорно лице за изготвување на студијата за оцена на влијание врз животната средина и експерт за оцена на влијанието на проектите врз животната средина.

Со проектот инвеститорот предвидува подобрување на железничката инфраструктура со изградба на делница 3 од коридорот Крива Паланка - државна граница со Република Бугарија.
Постојната железничка пруга, долж Коридорот VIII, е долга 155 km. Во рамките на овој коридор се планира изградба на нови железнички врски, кои ќе ја поврзат постојната линија исток- запад, преку потег долг 89 km на исток, од Куманово до границата со Бугарија, што ќе ја поврзе Македонија со Варна (Бугарија) и со Црното Море и потег долг 66 km на запад, од Кичево до границата со Албанија, кој ќе ја поврзе Македонија со Драч (Албанија) и Јадранското Море.

Источниот потег меѓу Куманово и бугарска граница вклучува 3 делници: Куманово-Бељаковце, Бељаковце-Крива Паланка и Крива Паланка– Граница со Република Бугарија, делница која треба целосно да се гради и е предмет на овој проект..

Во Студијата анализирани се можните влијанија во фаза на изградба и оперативна фаза како: геологија и почви, хидрологија и површински води, подземни води, амбиентен воздух, бучава, вибрации, климатски промени, биолошка рановидност, шумарство и отпад. Аналогно на анализираните можни влијанија врз животната средина, предвидени се мерки за намалување, спречување и ублажување на влијанијата во предградежна и градежна фаза, кумулативни влијанија врз животната средина и општествената средина, прекугранични влијанија, ризик од несреќи и план за управување со животната средина и општествената средина и мониторинг програма во глава 7, глава 8, глава 9, глава 10, глава 11 и глава 12 од Студијата за оцена на влијанието врз животната средина кои според наша оцена се соодветни и апликативни.

Согласно член 93 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр.53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015 129/2015 и 39/2016) и член 3 став 1 од Конвенцијата за оценка на влијанието врз животната средина во прекуграничен контекст (Еспо Конвенција), засегнатата држава Република Бугарија е известена за намерата за изведување на проектот – Изградба на делница 3 од Железничкиот коридор VIII, Крива Паланка - Граница со Република Бугарија. Република Бугарија одговори дека е заинтересирана да учествува во постапката за оцена на влијанието врз животната средина. Согласно Еспо Конвенцијата, нетехничко резиме од Студијата за оценка на влијанието врз животната средина за проект; Изградба на нова железничка пруга на делницата Крива Паланка - Граница со Република Бугарија, како дел од Железничкиот коридор VIII е доставено до засегнатата држава и истата со

допис број 11-860/3 од 04.04.2018 година, го извести министерството за животна средина и просторно планирање дека ја прифаќа студијата за оцена на влијанието врз животната средина.

Согласно член 91 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016) се одржа 1 јавна расправа по Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за Проект: "Изградба на нова железничка пруга на делницата Крива Паланка - Граница со Република Бугарија, како дел од Железничкиот коридор VIII". Јавната расправа се одржа во Крива Паланка на ден 13.02.2018 година.

Комисијата за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанијата врз животната средина за Проект: "Изградба на нова железничка пруга на делницата Крива Паланка - Граница со Република Бугарија, како дел од Железничкиот коридор VIII", формирана од Министерот за животна средина и просторно планирање, по спроведената јавна расправа, согласно Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 33/2006) го изработи Извештајот и го достави до Министерот за животна средина и просторно планирање.

Комисијата за изработка на Извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за Проект: "Изградба на нова железничка пруга на делницата Крива Паланка - Граница со Република Бугарија, како дел од Железничкиот коридор VIII" ги разгледа изворите и видовите на можни деградации и загадувања врз основа на што се димензионирани и дефинирани мерките за заштита на основните медиуми на животната средина.

Проектираните заштитни мерки за спречување и намалување на влијанијата врз животната средина се апликативни и ќе ги задоволат основните барања. Извештајот беше објавен во еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија.

Врз основа на горенаведеното го одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение инвеститорот, засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 (петнаесет дена) од денот на последното направено објавување на решението согласно член 90 став (1) точка 5 од Законот за животна средина.

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ СКОПЈЕ

Изработил: Дејана Тодоровска
Контролирал: Александар Петковски
Согласен: Билјана Петкоска
Одобрил: Директор на Управа за животна средина
Xhezmi Saliu